Седмица: 11 **Час: 2** **Датум:**			**Тема 3: Програма за мултимедијални презентации** **Наставна единица: Креирање презентација**			**Одделение:** **IV**
Распоред (делови од часот)	Цели на учење	Критериуми на успех (очекувани резултати)	Активности		Ресурси (средства и материјали)	Доказ за постигнувањата
			Опис	Организациони форми		
5 мин.	Да се оспособи да креира презентација, да додава текст на слајд и да менува фонт, големина и стил на истиот	**<u>Сите можат:</u>** да објаснат што е мултимедијална презентација	Што е мултимедијална презентација? Што е слајд? Учениците се поделени во групи, го разгледуваат направениот план за правење презентација на годишни времиња.	З метод на објаснување	План за правење презентација	Набљудување
30 мин.		**<u>Повеќето можат:</u>** да креираат едноставна презентација и да ја зачуваат	Учениците се поделени во истите групи од минатиот час и секоја група треба да направи презентација за едно годишно време. Чекорите што треба да ги направат, се наоѓаат во презентација изработена од наставникот. На секој слајд е прикажана по една задача, а после секоја завршена задача на учениците, наставникот преминува на следниот слајд со нова задача. • Ја користиме **програмата за изработка на презентации Open Office Impress**, која се стартува во менито Апликации > Канцеларски > Open Office Impress; - стартувај го програмот Open Office Impress за да се отвори „волшебникот за презентации“; - во првиот прозорец избери Празна презентација > Следно; - во вториот прозорец избери Дизајн на слајд > Следно; - во третиот прозорец избери преод помеѓу слајдовите > Креирај; - на отворениот главен слајд на презентацијата во полето Задачи кликни на второто од понудените полиња за насловен слјад; - кликни на полето Кликнете да додадете наслов и напиши го насловот на презентацијата „Годишно време“ (една група пролет, друга група лето, трета група есен и четврта зима); - кликни на полето Кликнете за да додадете текст и напиши текст со име и презиме на учениците кои ја изработиле презентацијата; - фонтот, големината на фонтот, стилот и бојата на текстот се менува на ист начин како во програмата за работа со текст; - на крај зачувај ја датотеката под име moja prva prezentacija (годишно време пролет).	метод на демонстрација Г метод на работа со компјутер	Компјутер Презентација LCD проектор	Набљудување Изработена презентација
5 мин.		**<u>Некои можат:</u>** да објаснат чекори при креирање едноставна презентација	Усно резимирање на новостекнатите знаења и дискусија за евентуалните тешкотии со кои се сретнаа на денешниот час.	З метод на разговор		Дискусија

obrazovanie.literatura.mk

Организација: Детали за поделбата по улоги / групи / возраста	**Забелешки / можности за проширување / домашна работа**	**Клучна терминологија**
Воведен дел: разгледување на изработениот план Главен дел: правење почетни чекори во креирање презентација, работа со ученици кои имаат потреба од индивидуален пристап Завршен дел: објаснување на чекорите за креирање презентација	Да истражат како се креира презентација на домашен компјутер.	дизајн на слајд, преод помеѓу слајдовите.